Зорица САЛТИРОВСКА

# ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПОПОЛНУВАЊЕТО НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ И ТЕНДЕНЦИИТЕ ВО ПОНАТАМОШНИОТ РАЗВОЈ

Едно од поспецифичните актуелни прашања во речиси сите држави во светот е организацијата на пополнувањето на вооружените сили. Со брзиот развој на воената технологија и вооружувањето, пред човекот се поставуваат нови барања кои се однесуваат и на начинот на кој ќе се пополнуваат вооружените сили. Колку стопанството може да го издржи оптоварувањето кое произлегува од потребата за издвојување на материјални средства за воените цели, зависи од економскиот потенцијал на државата. Покрај ова, условите за военото организирање на определена земја и начинот на кој таа ќе ги пополнува своите вооружени формации, значително ги менува и вооружената борба со своите законитости и карактеристики, начинот на нејзиното водење и улогата која му се придава на човекот како фактор.

Еволуцијата на воената организација е условена од промените во воената техника настанати по промените во општата технологија за произведување на материјални добра. Тоа значи дека обликот на воената организација зависи, пред сè, од степенот на развиеност на оружјето потребно за воена дејност која се врши во определен историски облик на општествената организација, или попрецизно, од општествено-економските и техничко-технолошките карактеристики на глобалното општество.

Во бескласната првобитна заедница воената организација се поклопувала со општествената. Со настанувањето на класното општество се конституира армијата како составен елемент на државната организација. Во почетокот тоа биле мали одреди на војсководители или владетели, составени од десетина илјади души, а се пополнувале од редовите на слободните граѓани. Во случај на непосредна опасност, владетелите применувале и општонародни повици. Подоцна се формирала робовладетелската милиција која се пополнувала од масата селани и занаетчии.

Водењето долготрајни војни предизвикало потреба за формирање на постојани, наемни или платенички војски. Во својата суштина, тоа биле главно професионални војски.

Масовната армија, базирана на општа воена обврска, за прв пат била воведена за време на големата Француска револуција. Што било

потребно за да се воспостави таков вид на нов одбранбен систем? Постоела итна состојба, голем број луѓе на располагање, огромна желба да се спаси државата, силно настојување за еднаквост и братство, недостаток на пари и слаба технологија. Како резултат од францускиот успех, општата воена обврска мошне брзо била преземена од страна на другите европски држави. Потребните услови за нејзино спроведување и оформување на масовни армии, доминирале до крајот на Втората светска војна. Речиси 150 години, општата воена обврска била најпопуларен начин на пополнување на армиите насекаде во светот. Од Втората светска војна започнува сè поголем притисок за враќање на професионалните армии. Овие процеси всушност започнале во време на Првата светска војна во воздухопловните сили и во некои технички најразвиени служби.

Денес во најголемиот број држави армиите се пополнуваат со општа воена обврска преку која граѓаните се оспособуваат и организираат за учество во вооружена борба и други облици на борба и отпор против евентуалниот агресор, во рамките на воената организација. Сепак, тенденции за професионализација на армиите се присутни кај сè поголем број на држави во светот, особено кај западно-европските држави. Насоките кон таквата трансформација и нивното одобрување од страна на јавноста, сè повеќе го актуелизираат ова прашање, без оглед на можностите на државата за негово решавање.

## ПОПОЛНУВАЊЕ НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ СО ВОЕНИ ОБВРЗНИЦИ

Општата воена обврска е најчест начин на пополнување на вооружените сили во светот. Тоа подразбира вклучување на сите граѓани од машки пол на државата во вооружените сили, согласно условите кои ги прецизирала власта во таа држава, а кои се однесуваат, пред сè, на времетраењето и начинот на нивното ангажирање во вооружените сили. Иако општоста, односно обврзувањето на сите државјани е најсуштествена карактеристика во сите современи системи, воената обврска не се остварува во сите земји на ист начин. Со оглед на начинот на кој се остварува и нејзиното времетраење, воената обврска се остварува во рамките на три основни модели.[1]

Првиот модел на воената обврска е милицискиот облик кој подразбира вклучување на сите граѓани од машки пол на одделна држава во воената организација на таа држава. Овој модел се карактеризира со тоа што граѓаните служат краток воен рок заради воено оспособу-

1 Adanić S., Tatalović S., *Oružane snage, novačenje i mobilizacija* , Otvoreno sveučilište, Zagreb, 1993, str. 11.

вање, а потоа секоја година задолжително учествуваат во воените активности на резервниот состав. Овој модел го применуваат земјите кои имаат концепција на тотална или општонародна одбрана, како што се Швајцарија и Шведска (во Швајцарија, на пример, воениот рок трае 118 дена).

Вториот модел на воена обврска е моделот кој го применуваат посиромашните држави кои имаат потреба од поголеми мирновременски вооружени сили. Со воена обврска во овие држави опфатени се сите машки лица кои служат подолг воен рок, а постои и воен дел на вооружените сили пополнет со резервни војници.

Третиот модел на воена обврска го применуваат поразвиените земји кои со воена обврска пополнуваат само дел од мирновременските вооружени сили и територијалната војска (ако постои).

Карактеристики на овој модел се краткото служење на воен рок и релативно малите обврски во резервниот состав.

За компаративен преглед на должината на воениот рок во некои европски држави може да ни послужи следнава табела:

| *Држава* | *Времетраење на воениот рок (во месеци)* | | | *Забелешка* |
|---|---|---|---|---|
| | **КОВ** | **ВВ** | **ВМ** | |
| Албанија | 24 | 36 | 36 | |
| Австрија | 6 | 6 | 6 | +60 дена во резерва |
| Белгија | 8 | 8 | 8 | |
| Бугарија | 18 | 18 | 18 | |
| Кипар | 26 | 26 | 26 | |
| Чешка | 18 | 18 | 18 | |
| Данска | 4 | 12 | 12 | 24 за специјалност |
| Финска | 8 | 9,5 | 9,5 | |
| Турција | 18 | 19 | 18 | |
| Франција | 10 | 10 | 10 | |
| Грција | 15-19 | 17-21 | 19-23 | |
| Хрватска | 10 | 10 | 10 | |
| Италија | 12 | 12 | 12 | |
| Унгарија | 12 | 12 | 12 | |
| Германија | 9 | 9 | 9 | |
| Холандија | 12 | 12 | 12 | |
| Норвешка | 12 | 12 | 15 | |
| Португалија | 15 | 18 | 18 | |
| Полска | 12 | 12 | 12 | |
| Романија | 12 | 18 | 18 | |
| Македонија | 9 | 9 | 9 | |
| Шпанија | 9 | 9 | 9 | |
| Шведска | 7,5-15 | 8-12 | 8-12 | |
| Швајцарија (во денови) | 118 | 118 | 118 | +212 во резерва |
| Словенија | 7 | 7 | 7 | |

Извор: *Military Technology, 1992-93, World Defence, Almanac - The Balance of Military Power*, XVII, број 1/1993

Колкав дел од мирновременските вооружени сили на одделна држава ќе биде пополнет со воени обврзници и колку ќе трае служењето на воениот рок, зависи од политиката на таа држава, од нејзината загрозеност, „вкупните одбранбени потенцијали, сметајќи тука на стопанската развиеност, уставното уредување, вооружувањето и опременоста за одбрана и бројноста на населението способно за извршување на одбранбените активности и водење на вооружена борба“.[2] Според тоа, државите чиј интегритет и независност не се загрозени, имаат развиено стопанство и национална економија, многубројно население способно за воена дејност, модерно вооружување и опрема и слично, своите вооружени сили не мора да ги пополнуваат само со воени обврзници. Ваквите држави со воена обврска пополнуваат само дел од мирновременските вооружени сили, а поголемиот дел од своите вооружени сили го пополнуваат со професионални војници.

## ПОПОЛНУВАЊЕ НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ СО ПРОФЕСИОНАЛНИ ВОЈНИЦИ

Пополнувањето на вооружените сили со професионални војници се остварува со ангажирање на луѓе за служба во вооружените сили на определено време, со материјален (најчесто паричен) надоместок. Ваквиот начин на пополнување на вооружените сили се применува уште од најстарите времиња, а задржан е и денес. Во некои држави тој е основен начин за пополнување на вооружените сили. Војските на Велика Британија, САД, Луксембург, Малта, Исланд, Лихтенштајн и на некои други држави во светот се составени само од професионални војници. Западноевропските држави, пак, ја комбинираат општата воена обврска со пополнување на дел од своите армии со професионални војници, со кои, главно, се пополнуваат елитните состави и силите за брзи интервенции наменети за брзо и ефикасно извршување на најтешките и најсложените задачи во современите војни.

Професионалната армија е резултат на условите и потребите на високоиндустријализираните општества. Развојот на вооружувањето и воената техника и опрема кои се технички мошне сложени, ги засилува настојувањата кон професионализација на армиите. Скапата техника бара повеќе време за нејзино совладување и таа многу порационално се користи во професионалните армии. Професионалните армии се мошне мобилни, а и мотивираноста, по правило, е висока. Бидејќи се составени од лица кои доброволно се определиле за воениот позив, нема одбивност кон

2 Гоцевски Т., *Основите на одбранбено-заштитниот систем на Република Македонија*, НИГП, „Европа „92“, Кочани, 1995, стр. 197

него, а и дисциплината се спроведува ефикасно. Професионалните армии се помали, побрзи, функционално и технолошки пофлексибилни од масовните армии, а и полесно се држат на растојание од политичките влијанија што ја загрозуваат нивната ефикасност.

Од економски аспект гледано, професионалната војска е секако и поскапа за државата. Така на пример: албанскиот војник државата ја чини 847 американски долари; грчкиот и унгарскиот по 14 илјади; францускиот, холандскиот и германскиот војник чинат по околу 80 илјади, а швајцарскиот околу 85 илјади долари. Велика Британија издржува професионална војска од 290 илјади војници, а за секого од нив Обединетото Кралство троши по 130 илјади американски долари. И, само за споредба, Република Македонија, која во својот постојан состав има околу 10 илјади војници, главно воени обврзници, за секој од нив троши по 5 илјади американски долари годишно.[3]

Бидејќи професионалните армии се значително поскапи од масовните, кои се пополнуваат со воени обврзници, економската моќ на конкретната држава е најпресуден фактор кој влијае на процесот на професионализацијата на војската на таа држава.

Сепак, поради многубројните позитивни карактеристики на професионалните армии, денес во речиси сите држави во светот постојат полемики околу прашањето за воената организација на војските, т.е. за тоа дали е подобро да се има професионална војска и какви се можностите за нејзино формирање во конкретната земја.

## ТЕНДЕНЦИИТЕ ВО ЗАПАДНО - ЕВРОПСКИТЕ ДРЖАВИ ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА МАСОВНИТЕ АРМИИ ВО ПРОФЕСИОНАЛНИ

Масовната армија, базирана на општа воена обврска, е карактеристичен начин за воените организации во брзиот економски развој на општествата во XIX и XX век во Европа и Северна Америка.

Несомнено е дека распаѓањето на Советскиот Сојуз и Варшавскиот договор даде импулс на размислувањата за тоа дали општата воена обврска е сè уште соодветна основа за организирање на модерни вооружени сили. Вооружените сили во модерните општества (со енормна економска продуктивност, висок животен стандард и технолошки прогрес) се базираат на висока технологија и диференцираност. „Не за долго време, тие ќе бидат делумно или евентуално целосно професионализирани“.[4]

---

3 Ѓорески, В., *Сите војски во светот*, НИП „Ѓурѓа“, Скопје, 1995, стр. 11.

4 Haltiner, W. Karl, The definite end of the Mass Army?, *An Empirical of the Structural Character of Western European Armed Forces at the end of the 1990s*, Seoul, Korea, july 23-26, 1996, str.2.

По завршувањето на студената војна, а како резултат на променетата меѓународна ситуација, масовните армии ја губат својата легитимност, а поголемо значење добиваат воените организации кои се помали, побрзи, помобилни, функционално и технолошки пофлексибилни, а кои може да бидат интегрирани во мултинационалните вооружени сили. Истражувањата покажале дека во општествата со економски пораст и зголемен животен стандард, општата воена обврска сè повеќе се заменува со професионалната форма на воен персонал.

Kelleher (1978 : 4) претпоставува дека до крајот на 2000-тата година западно-европските армии ќе бидат:

- намалени (дури за 30%);
- ќе вклучат далеку помал број обврзници (не повеќе од 20-30% од вкупните вооружени сили);
- ќе вклучат повеќе специјалисти и техничари во повисоко диференцираните улоги.[5]

Државите во кои постои воена обврска може да се категоризираат според степенот на воени обврзници во своите вооружени сили, наспроти степенот на професионални војници.

Во првата категорија влегуваат државите во кои процентот на воени обврзници во вкупните вооружени сили е под 50%. Иако овие држави принципиелно се потпираат на општа воена обврска за регрутирање во армијата, сепак поголемиот дел од нивните вооружени сили го сочинуваат професионални војници. Во оваа категорија на држави влегуваат: Белгија, Данска, Германија, Франција и Холандија.

Во втората категорија влегуваат државите во кои процентот на воени обврзници изнесува 50-65% од вкупните вооружени сили: Австрија, Италија, Норвешка, Шпанија, Шведска и Португалија.

Во третата категорија влегуваат државите во чии вооружени сили 2/3 т.е. над 66% се воени обврзници. Тоа се земји со висок степен на воена обврска: Швајцарија, Турција, Финска и Грција. Во Швајцарија дури 100% од воениот состав се воени обврзници.

Истражувањата на воените експерти покажале дека во земјите со голем пораст на националниот доход и високо развиена воена технологија, може да се очекува брзо опаѓање на степенот на воени обврзници во вооружените сили, а зголемување на степенот на професионализација на воениот состав. Според нив, обврзниците кои служат во кратки термини повеќе не соодвестуваат на барањата кои се однесуваат на перманентноста во обуката и подготвеноста за брзо и ефикасно дејство.

---

5 Исто, стр. 5

Воените експерти сметаат дека земјите од првата категорија најбрзо може да ја напуштат воената обврска бидејќи нивните воени системи имаат најголема сличност со потполно професионалните сили од англо-саксонскиот тип. Земјите од втората категорија, кои до 1990 година значително го намалија степенот на воени обврзници во своите вооружени сили, имаат можност за напуштање на воената обврска, додека за земјите од третата категорија постои мала веројатност дека тоа може да го сторат до 2000-тата година.

Во Данска, воената обврска е високо ценета од страна на популацијата. За нејзиното напуштање медиумите дискутираат спорадично (не интензивно), а експертите веројатноста ја степенуваат како многу мала.

Во Германија, за воената обврска се дискутира и во владата и во јавноста, а спроведено е и истражување на јавното мислење. Според мислењата на експертите, постои мала веројатност воената обврска да биде укината до 2000-тата година, но не се исклучува и степен на веројатност до 25%. Во Германија веќе се планирани натамошни намалувања на степенот на воени обврзници, а зголемување на професионалната војска. Иако Германија и Данска немаат намера да ја напуштат воената обврска во целост, нивната воена структура повеќе наликува на професионална армија, отколку на класична масовна армија како што е швајцарската или финската.

Во Австрија и Италија укинувањето на воената обврска е една од главните теми. Во Италија за тоа е дискутирано и во парламентот, а веќе е планирано намалување на воените обврзници за 1/3. Според истражувањата на јавното мислење во двете држави, опаѓа степенот на прифаќање на воената обврска од страна на популацијата.

Во Шпанија и Португалија воената обврска е слабо прифатена од популацијата, а прашањето за укинувањето на воената обврска е веќе поставено на парламентарно ниво.

Во Шведска и Норвешка прифатеноста на воената обврска е просечна, постои намалување на степенот на воените обврзници, а за укинувањето на воената обврска се дискутира на јавните дебати, но не на владино ниво. Шведска планира намалување на воените обврзници за 10%, а Норвешка за 25%.

Во Швајцарија, последните истражувања покажуваат зголемена приврзаност за професионалните армии. Во оваа држава нема никакво искуство во нарушување на воената традиција во период од 200 години. Идејата за милициски тип на воена организација е сè уште нескршена, а државата го следи неутралниот курс во воената стратегија

без навлегување во воени алијанси. Според мислењето на министерот за одбрана на Швајцарија, професионалната компонента ќе влезе во милицијата, но воената обврска нема да биде напуштена под никакви околности.

„Во Франција, на 28 мај 1996 година, претседателот Ширак го најави укинувањето на воената обврска во Франција за 1997 година. Белгија и Холандија ова веќе на некој начин го имаат усвоено“.[6]

Според експертите, укинувањето на воената обврска во Турција и Грција е невозможно, бидејќи и двете немаат намера да ги намалат своите воени сили. Тоа е најверојатно поради територијалните конфликти меѓу двете држави.

Укинувањето на воената обврска во најголем број од споменатите држави ќе претставува тешкотија и поради тоа што во поголемиот број нации воената обврска е пропишана со устав. Нејзиното укинување во тие држави ќе бара 2/3 до 5/6 одобрување од страна на парламентот.

Според Бјорн[7] во напуштањето на воената обврска и фаворизирањето на професионалните армиски сили ќе предничат неколку држави - членки на НАТО, поради своите развиени технолошко-воени комплекси. Самото намалување на вооружените сили всушност се однесува на намалување на воените обврзници, а не на професионалната компонента. Професионалниот персонал бележи пораст, без оглед на тоа дали воената обврска сè уште постои или не. Социјалните и политичките притисоци за напуштање на воената обврска растат. Во иднина, најверојатно, масовните армии ќе бидат армии на сиромашните нации, а малите и технолошки јаки сили базирани на професионалци, сè повеќе ќе бидат каркатеристика на богатите земји.

## ПОПОЛНУВАЊЕ НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ СО ЖЕНИ

Една од карактеристиките на современите, особено одбранбени војни е користење на начелото за максимално ангажирање на сите потенцијали, а особено човечкиот. Тоа значи дека и жените може да придонесат за зголемување на потенцијалите на државата и да влијаат на исходот на воениот судир. Многу примери од војните кои се водени досега укажуваат на потребата од вклучување на жените во вооружените сили. Во Првата светска војна, поради големите загуби и потребата за нови борци, Велика Британија ангажирала 105.000 жени за из-

6 Исто, стр. 6

7 Bjorn, Moller, „*Defence Restructuring and Conversion in Post-cold war Europe*“, 1993, стр. 28

вршување на санитетски, административни и транспортни должности, додека САД ангажирале околу 34.000 жени кои имале статус на војници и извршувале и борбени задачи. Оваа традиција САД и Велика Британија ја продолжиле и по војната, а нивните искуства нашле примена и во други држави кои почнале да ангажираат жени во своите вооружени сили. И покрај тоа што вклучувањето на жените во вооружените сили е врз доброволна основа, сепак може да се зборува за четири карактеристични модели на нивното вклучување[8]:

- модел кој овозможува жените да станат професионални војници (Велика Британија и САД);
- модел кој го занемарува нивното ангажирање во мир, но предвидува можност за воена обврска во војна (источноевропските држави);
- модел кој предвидува постоење на општа воена обврска и за жените (Израел); и
- модел кој обезбедува ангажирање на жени за потребите на војската во војна, но не во рамките на воената организација, туку како посебни женски служби (Швајцарија).

Покрај овие четири модела, може да се зборува уште и за модел кој не предвидува никакво ангажирање на жените во вооружените сили, како што е во Австрија.

Ангажирањето на жените во вооружените сили е поврзано и со определени проблеми, кои секоја држава се обидува да ги реши на специфичен начин.

Во Велика Британија интересот на жените за воениот позив е се послаб поради малиот углед, намалените можности за напредување и ниските приходи. Сето тоа се одразува и на намаленото време кое го поминуваат на служба во вооружените сили (2,5 години што е за половина пократко од просекот на служењето на мажите). Процентуалното учество на жените во вкупните вооружени сили на Велика Британија е 5,05%.

Во САД 9,4% од вкупниот број на припадници на вооружените сили се жени, кои исто така доброволно служат како професионални војници. Истражувањата во американската војска укажале на мноштво негативности кои се однесуваат на ангажирањето на жените во неа, а кои произлегуваат од нивните физички способности и последиците во психолошка смисла. Покрај тоа, военото оспособување на жените и нивната служба во војска е поскапа од онаа на мажите поради потребата за подобро хигиенско и здравствено сместување, бременост, заштита на мајчинството и слично.

---

8 Adanić, S., Tatalović, S., *Oružane Snage - novačenje i mobilizacij* a, Otvoreno sveučilište, Zagreb, 1993, str. 65

Сепак, нивното ангажирање е неопходно поради слабиот интерес на мажите за воена служба.

Во Швајцарија жените се ангажираат доброволно низ женската помошна служба која не е составен дел на регуларната милициска војска. По заедничката обука која трае 27 дена, жените се распоредуваат на служење во воените установи кое трае 91 ден. Поради чувството на дискриминација, жените се сè помалку заинтересирани за воениот позив.

Во Израел жените подлежат на воената обврска исто како и мажите. Причина за тоа е постојаната потреба за војници, но и традиционалната рамноправност меѓу мажите и жените. Задолжителниот воен рок за жените трае 20-24 месеци, а после тоа служат во резервниот состав до 34 години старост (доколку немаат деца). Жените се потполно интегрирани во вооружените сили на Израел. Па и покрај тоа што се смета дека Израел го решил ова прашање, сепак и во оваа држава постојат полемики околу тоа дали треба жените да се ангажираат во вооружените сили или не, и на кој начин. Многубројните проблеми и неекономичноста на нивното ангажирање во војска, се главна причина за постојаните расправи за ова прашање.

Преглед на ангажирањето на жените во вооружените сили на одделни држави

| Држава | Број на жени во ВС% во однос на вкупниот бр. на војници | Тенденција во последните години | Начин на ангажирање | Обука со или без мажите | Ракување со оружје | Траење на задолжителна служба |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Белгија | 3.81% | Стагнира | Доброволно како профес. | Одвоено | Да | Најмалку 2 год. |
| Данска | 2.73% | Не е планирано зголемување | Доброволно како профес. | Заедно | Да | Најмалку 2 год. |
| Франција | 2.69% | Не е планирано зголемување | Во мир доброволно, а во војна со воена обврска | Одвоено | Да | 1 год. за војници, а 2 год. за офицери |
| Грција | 0.86% | Планирано е зголемување | -II- | Одвоено | Да | Најмалку 14 месеци |
| Израел | 5.76% | Планирано е зголемување | Општа воена обврска | Одвоено, а за некои категории заедно | Да | 24 месеци |
| Канада | 9.14% | Планирано е зголемување | Доброволно како профес. | Одвоено | Да | Најмалку 5 год. |
| В. Британија | 5.05% | Стагнира | Доброволно како проф. | Одвоено | Да | Најмалку 1 год. |
| САД | 9.4% | Планирано е зголемување | Доброволно како проф. | Одвоено | Да | Најмалку 4 год. |
| Швајцарија | 1.5% | Благо зголемување | Доброволно низ женскиот помошен корпус | Одвоено | Да | 27+91 ден во облик на курсеви |

Извор: *Оружане снаге, новачење и мобилизација*, Стјепан Аданиќ и Синиша Таталовиќ, Отворено Свеучилиште, Загреб, 1993, стр. 72.

## ПОПОЛНУВАЊЕ НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Република Македонија своите вооружени сили ги пополнува според комбинираниот модел, што значи дека офицерите, подофицерите и еден дел од војниците во постојаниот дел се професионалци, а поголемиот дел од војниците ја извршуваат својата обврска за служење на воен рок која е со закон утврдена. При повикување на луѓето од резервниот состав, нивниот статус се определува врз основа на тоа каков им е статусот во единицата, но и врз основа на разликите кои произлегуваат од нивната вработеност, социјалната положба и слично, врз основа на што добиваат соодветни примања што им припаѓаат додека се во единицата во која ја исполнуваат својата обврска за служење во резервниот состав. Тоа значи дека воената обврска сè уште е основен начин на пополнување на вооружените сили на Република Македонија и е примарна обврска на граѓаните, бидејќи нивното учество во одбраната, главно, се остварува преку нејзиното извршување. Ваквиот начин на пополнување на единиците е условен од можностите за загрозување на независноста и територијалниот интегритет на државата поради што е неопходно мирновременските состави да бидат под постојана борбена готовност. Поради големината на територијата, нејзините географски и демографски карактеристики, борбените дејствија ќе мора да се изведуваат на целата државна територија што ја наложува потребата за максимално искористување на човечките потенцијали. Тоа значи дека е сè уште неопходно граѓаните да се подготвуваат за вооружена борба и други облици на борба и отпор.

Република Македонија има многубројно население способно за воена дејност наспроти слаборазвиеното стопанство и национална економија што е секако и причина за недостаток на модерно вооружување и опрема. Слабата технологија и недостатокот на пари (што е основен услов за професионална армија) е исто така причина за доминација на воената обврска како начин на пополнување на единиците.

И покрај ваквите кочници во професионализацијата на армијата, Република Македонија прави напори да создаде поволни услови за процесот на трансформација на армијата во професионална да се одвива со побрзо темпо. Професионалниот постојан состав кој се планира за наредниот период (а кој според некои проценки треба да изнесува 8.000 професионални војници) треба да биде основно јадро на АРМ и да ги обезбеди сите услови за прифаќање на резервниот состав (делови или во целост) во секое време. Резервниот состав би бил пет до

седум пати поголем од постојаниот, опремен со современо вооружување и опрема и максимално подготвен и оспособен за брза мобилизација и извршување на сите стратегиски задачи.

Овде мора да се споменат и многубројните аномалии кои се присутни кај принципот на општа воена обврска, а кои придонесуваат таа да не биде општа. Такви се појавите на настојувањата да се одбегне обврската за служење на воениот рок, настојувањата да се одбира период во кој ќе се служи воениот рок, недоаѓањето на значителен број на воени обврзници на обука во резервниот состав и редица други негативни појави кои влијаат врз квалитетот на обуката, врз можноста задачите во армијата да се извршуваат непречено и редовно, а ја доведуваат во прашање и општоста на воената обврска која е со закон утврдена. Дел од сите тие аномалии е последица на негативните ставови на младинците кон воената обврска што влијае на нивната мотивираност да се вклучат во одбранбените подготовки на општеството во кое живеат и да ги извршуваат задачите во рамките на тие подготовки квалитетно и навреме. Стагнацијата во општествениот и стопанскиот развој ја менува вкупната животна ситуација на младите луѓе, нивната положба во општеството е во опаѓање. Сепак, младите луѓе се разликуваат според системот на вредности, степенот на општествено-економската развиеност на нивните средини, припадноста на определени групи, знаењата, информираноста, социјалното потекло, занимањето, животниот стандард и слично. Зависно од ова и од нивните лични карактеристики, тие може да имаат позитивни или негативни ставови кон општеството и обврските кои ги имаат кон него. Сфаќањето на улогата и значењето на воената обврска како една од најзначајните обврски на граѓаните кон државата, има најголемо значење за ставовите кон воената обврска, кои се, пак, клучни за мотивацијата во нејзиното извршување. „Самото познавање на ставовите за некоја општествено значајна појава  или прашање, на научникот му овозможува да го предвиди однесувањето на луѓето во врска со таа појава. Иако тоа предвидување не може секогаш да биде потполно и сигурно, сепак, поимот на ставот попотполно од сите други поими може да го овозможи предвидувањето“.[9] Впрочем, причина за интересот на научниците да ги изучуваат и истражуваат ставовите е токму нивното влијание врз постапките и мотивацијата на луѓето.

Настојувањето да ги согледам причините поради кои младите луѓе го одбегнуваат служењето на воениот рок ме мотивираше во втората половина на 1996 год. да ги испитам нивните ставови кон воената

---

9 Рот Никола, Основи социјалне психологије. ВИЗ, Београд, 1975, стр. 156

обврска и поконкретно кон служењето на воениот рок. Истражувањето покажа дека 70,7% од испитаните младинци од Република Македонија на возраст од 18-25 години, имаат негативни ставови кон воената обврска. Според нивните искажувања, воената обврска ја чувствуваат како товар, губење на време, а доколку можат да ги одбегнат законските санкции на каков и да е начин, нема да го служат воениот рок.

Меѓунационалните односи, нерешените егзистенцијални прашања и други животни проблеми на младите, стравот од војна во која може да бидат вовлечени, а најмногу недоволното внимание кое ч се посветува на едукацијата на младите за одбрана и заштита на државата, се рефлектира и врз нивните ставови кон воената обврска.

Според степенот на загрозеност на територијалниот интегритет на Република Македонија, се уште големото значење на човекот како фактор, географските и демографските карактеристики, а во прв ред слабите економски можности на државата, процесот на професионализација на нашите вооружени сили нема да тече со брзо темпо туку постепено, со вклучување на помали контингенти на професионални војници. Бидејќи и во наредниот период воената обврска ќе биде доминантна во пополнувањето на армијата, треба да се прават напори за намалување на негативните појави кои произлегуваат од воената обврска. Треба да се посвети поголемо внимание на прашањето за правилно распоредување на обврзниците на формациските места кои ќе ги одразуваат нивните интереси, стручност и квалификации, подигање на општиот стандард на војниците, изградување на позитивни ставови кон АРМ и свест за потребата од нивно активно вклучување во подготовките за одбрана на земјата, со што може да се намали одбојноста кон воената обврска и служењето на воениот рок. Многу поголемо внимание треба да ч се посвети и на едукацијата на младите за одбрана и заштита во школските и воншколските институции и во тој процес да се вложат напори за мотивирање на младите за исполнувањето на воената обврска. Дури со зголемување на процентот на професионални војници во вкупниот армиски состав, ќе се создадат пореални можности за намалување на бројот на воени обврзници со што и бројот и интензитетот на негативните појави поврзани со воената обврска ќе се намалат.

Литература


1. Adanić S., Tatalović S., *Oružane Snage - novacenje i mobilizacija,* Otvoreno sveučilište, Zagreb, 1993.
2. Bjorn, Moller, *Defence Restructuring and Conversion in Post-cold war Europe*, Paper for the Second conference of the European Peace Research Association (EUPRA), Budapest, 1993.
3. Ванковска-Цветковска, Биљана и Цветковски, Цветан, *Правото и Одбраната*, РОБЗ, Скопје, 1996.
4. Vjatr, Jezi, *Sociologija vojske*, Vojnoizdavački i novinski centar, Beograd, 1987.
5. Gersak, Teodor, *Problemi Zavračanja služenja vojaskega roka v deželah članicah EGS*, Teorija in praksa, Ljubljana, st. 7-8/1986.
6. Гоцевски, Трајан, *Основите на одбранбено-заштитниот систем на Република Македонија*, НИГП, „Европа „92",
7. Ѓорески, Владимир, *Сите војски во светот*, НИП „Ѓурѓа", Скопје, 1995.
8. Нацев, Зоран, *Воената обврска и приговорот на совеста*, Филозофски факултет, Скопје, 1996.
9. Рот, Никола, *Основи социјалне психологије,* ВИЗ, Београд, 1975.
10. Haltiner, W. Karl, *The definite end the Mass Army,* Seoul, Korea, 1996.

## SUMMARY

Zorica SALTIROVSKA

**ORGANIZATION OF THE COMPLEMENTING OF THE ARMED FORCES AND TENDENTIONS IN FURTHER DEVELOPMENT**

One of the most specific current questions in almost every country in the world is the organization of the complementing of the armed forces. Because of the rapid development of the military technology and weaponry, we meet some new requirements, which are also defining the way of the complementing of the armed forces.

General military obligation is the most frequent way of the complementing of the armed forces in the world. Although generality is the basic characteristic in every contemporary system, military obligation is not realized in the same way in every country.

Professional army is a result of the conditions and the requirements of the highly industrialized societies. Development of the weaponry and military technique and equipment, which are very complicated in a technical meaning, are pushing modern armies towards making them professional.

The number of professional personal is growing in most countries in the world, regardless to the fact that in those countries military obligation still exists. That is so-called combined model of the complementing of the armed forces with tendentious to become completely professional. That model of complementing is used by the armed forces of Republic of Macedonia. That means that general military obligation is dominant as a way of complementing the troupes, but the state is working on enlarging the number of professional soldiers in total armed forces. For the following period are planned around 8.000 professional soldiers who will be the core of the armed forces of Macedonia. Because of the high risk for the territorial integrity of the Republic of Macedonia, the great value of the human as a factor, demographically and geographical characteristics, and firstly of all the limited economical possibilities of the state, the process of making the army professional will go slowly with gradually introducing of the smaller contingents of professional soldiers. That is why it is needed to lower the intensity of the anomalies which are connected with military obligation, because it is going to be dominant as a way of complementing of the armed forces in Republic of Macedonia in the following period.